Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-91/2
Датум: 8.05.2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-899/1 од 26.12.2025 година поднесена од ---- против ---- за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на етничка припадност од страна на ----.

**О б р а з л о ж е н и е**

На 26.12.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителот ---- против ---- врз основа на етничка припадност.

Подносителот на претставката е ----, застапувано од ----. ---- се жали дека ---- ,застапувано од ----, извршило вознемирување кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание. Според наводите во претставката, лицето против кое е поднесена претставката, на 4.11.2025 година на својата Фејсбук фан страна ---- пријавеното дејствие го извршило преку објавување на следната содржина:

*"Наместо ослободување на Солун, нашите армии заминаа на Среми Трст, македонска крв се лееше за денес Словенија да има пристап до море! Останавме без НАШИОТ ГЛАВЕН ГРАД СОЛУН, без 51 процент од нашата света македонска земја, без пристап до море, за да може Словенија да има пристап до море! Тие за кои се жртвувавме, денес бараат во уставот да ни се вметнат бугарските фашисти!*
*Доста е!! Уставни измени само преку нас мртви! Насилно сменија име, знаме, устав, територијална поделба, рамковен, газат по достоинството и*
*честа на македонскиот народ!!*
*Во Словенија денес има 20 000 Македонци. Зошто ние да смениме Устав, а не Словенија"? Прво Кос нека ги вметне Македонците, а по наси Италијанците, па дури потоа Кос ќе има право да размислува за други држави!*
*И ќе нагласиме, македонска крв се лееше за денес Словенија да има море! Словенија прво нека не компензира за жртвата со териториите кои ги зеде од Италија како ВОЕН ПЛЕН, а дури потоа нека предлага промени на Устави!"*

Во претставката се потенцира дека објавата има 352 реакции - допаѓања и 43 споделувања и 114 коментари. Според подносителите со наведената објава се врши вознемирување врз основа на потекло, национална и етничка припадност алудирајќи дека Бугарскиот народ се фашисти, но ЕУ не бара бугарски фашисти да се внесат во Уставот, туку граѓани на Македонија кои се декларираат како Бугари, па според инв авторот не треба да генерализира и еден цел народ да поистоветува со идеологијата каква што е фашизмот, што според нив претставува груба навреда и дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за произнесување по претставката до ----, застапувано од ----. Писменото беше во два наврати испратено по поштенски пат и еднаш електронски, но безуспешно.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по разгледување на содржината на објавата, наводите во претставката констатира дека во конкрениот случај не може да стане збор за постоење на вознемирување или дискриминација врз основа на национална или етничка припадност.

Имено, **за да постои дискриминација** согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да се утврди дека определено лице или група лица биле ставени во понеповолна положба, ограничени во уживањето на права или директно таргетирани поради нивна заштитена карактеристика, како што е националната или етничката припадност. Во конкретниот случај, од содржината на објавата не произлегува повикување на ограничување на права, исклучување или нееднаков третман на граѓаните на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание. Напротив, објавата претставува политички став и критички осврт кон актуелни уставни и меѓудржавни прашања, изразен преку историски и политички наратив. Иако во текстот е употребен изразот „бугарските фашисти", истиот е употребен во контекст на политичка реторика и историска квалификација, а не како директно означување на сите лица со бугарско национално самосознание. Од целокупната содржина на објавата произлегува дека авторот изразува став во однос на уставните измени и односите со соседните држави, а не дека повикува на омраза, исклучување или деградирање на конкретна етничка заедница во државата.

Во однос на **наводите за вознемирување**, согласно Законот, вознемирување постои кога определено несакано однесување има цел или последица повреда на достоинството на лице или група лица и создавање застрашувачка, непријателска, деградирачка или навредлива средина врз дискриминаторска основа. Во конкретниот случај не се утврдени елементи кои укажуваат дека објавата била насочена кон конкретни лица или група граѓани, со цел да се создаде понижувачка или непријателска средина кон нив како припадници на бугарската етничка заедница. Самата употреба на навредлив или остар политички говор, иако може да предизвика

чувство на навреденост кај дел од јавноста, не е доволна сама по себе за да се утврди вознемирување во правна смисла.

Дополнително, треба да се има предвид дека политичкиот говор и изразувањето ставови за прашања од јавен интерес уживаат висок степен на заштита согласно уставно гарантираната **слобода на изразување**. Во демократско општество, дозволен е поширок степен на критика, политичка реторика и употреба на емоционално обоени квалификации, особено кога станува збор за прашања поврзани со национален идентитет, историја и уставни измени. **Ограничување на ваквиот говор** е оправдано само кога постои јасен повик кон дискриминација, омраза или насилство, што во конкретниот случај не е утврдено.

Поради наведеното, не се исполнети законските елементи за утврдување вознемирување и дискриминација врз основа на национална и етничка припадност, туку станува збор за јавно изразен политички став во рамки на слободата на говор и политичко мислење

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- ----